# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**4812.**

Врз основа на членот 158-ѕ точка 1) а во врска со член 122 став (1) точка 1) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019 и 31/2020), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 29.12.2021 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОНТЕН ПЛАН ЗА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за Контен план за друштвата за осигурување и реосигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2010, 41/2011 и 170/2019), во Прилогот 1 Контен план за друштвата за осигурување и реосигурување, во Класа 1 - Парични средства, парични еквивал енти, побарувања и разграничувања, во групата конта 19 Однапред платени трошоци за идниот период и пресметани приходи - Активни временски разграничувања, во контото 192 - Одложени трошоци за стекнување, во рамки на четирицифреното конто 1920 - Одложени трошоци за стекнување, се додаваат две нови петоцифрени конта 19200 и 19201, секое со по пет нови шестоцифрени конта кои гласат:

“19200 – Одложени трошоци за провизија

192000 - Одложени трошоци за провизија на друштва за застапување во осигурување

192001 - Одложени трошоци за провизија на застапници во осигурување

192002 - Одложени трошоци за провизија на осигурително брокерски друштва

192003 - Одложени трошоци за провизија на останати лица.

19201 – Одложени останати трошоци за стекнување.”

Во Класа 2 Краткорочни и долгорочни обврски, резервирања за трошоци и ризици и одложени плаќања и приходи за идниот период, во групата конта 29 Одложено плаќање на трошоци и приходи кои се однесуваат на идните периоди - Пасивни временски разграничувања, се додава ново конто 297 кое гласи:

“297 – Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија.”

Член 2

Во Прилог 2 – Упатство за примена на Контниот план за друштвата за осигурување и реосигурување, во текстот кој се однесува на Класа 1 - Парични средства, парични еквиваленти, побарувања и разграничувања, текстот во ставот 13 се заменува со следните три става:

“Во рамки на конто 1920 се искажуваат одложените трошоци за стекнување, како дел од вкупните трошоци за стекнување евидентирани на контата 420, 430, 4700 и 453д кои се однесуваат на наредниот пресметковен период. Трошоците за стекнување се одложуваат на наредниот пресметковен период сразмерно на резервата за преносна премија.

Притоа, во рамки на контото 19200 - Одложени трошоци за провизија се искажуваат одложените трошоци за провизија на друштва за застапување во осигурување, осигурително брокерски друштва, застапници во осигурување и останати лица а во рамки на контото 19201 - Одложени останати трошоци за стекнување се искажуваат одложените останати трошоци за стекнување.

Одложените трошоци за стекнување искажани на контото 1920 се прикажуваат на соодветна позиција во активата на Билансот на состојба. Во Билансот на успех се прикажува промената во одложените трошоци за стекнување во пресметковниот период.”

Член 3

Во Прилог 2 – Упатство за примена на контниот план за друштвата за осигурување и реосигурување, во текстот кој се однесува на Класа 4 – Трошоци и расходи, текстот во ставовите 13 до 17 се заменува со следниот текст:

“Во рамки на контото 430 – Провизија се искажуваат трошоците за провизија по однос на склучените договори за осигурување (полиси) на друштва за застапување во осигурување, осигурително брокерски друштва, банки, застапници во осигурување и останати лица.

Трошоците за провизија кои се евидентираат на контото 430 ги вклучуваат сите износи на провизија кои се однесуваат на склучени договори за осигурување (полиси) во тековниот пресметковен период, без разлика дали истите во целост или делумно се однесуваат на наредниот пресметковен период. Книжење на товар на ова конто за износот на провизија кој е договорен со застапникот односно посредникот се врши во моментот на сметководствено евидентирање (признавање) на приходот по основ на бруто полисирана премија за осигурување по однос на конкретен договор за осигурување (полиса) за кој провизијата се однесува (без оглед на начинот и времето на исплата на провизијата договорен со застапникот односно посредникот).

Трошоците за провизија евидентирани на контото 430 спаѓаат во категоријата трошоци за стекнување.

Освен провизијата евидентирана на контото 430, како останати трошоци за стекнување се сметаат:

1. трошоци по основ на одобрени бонуси и попусти кои се однесуваат на конкретни договори за осигурување (полиси), евидентирани на контото 420 – Трошоци за одобрени бонуси и попусти;

2. трошоци по основ на надоместоци кои се исплаќаат на вработените во внатрешната продажна мрежа односно вработените кои директно и исклучиво работат на склучување на нови односно обнова на постоечки договори за осигурување (полиси), евидентирани на контото 4700 –Бруто-плати за вработени во внатрешната продажна мрежа. Во случај кога вработениот врши повеќе работи - сразмерен дел од трошоците за тој вработен за делот од работното време кое тој просечно годишно го троши на директно и исклучиво склучување на нови односно обнова на постоечки договори за осигурување (полиси);

3. дел од трошоците за печатење на обрасци кои директно се однесуваат на конкретни договори за осигурување (полиси), евидентирани на контото 453.

Сите останати трошоци не се сметаат за трошоци за стекнување и истите не се одложуваат односно се признаваат како трошок во целост во моментот на нивно настанување.

Трошоците за стекнување евидентирани на контата 420, 430, 4700 и 453д се признаваат како трошок во текот на целото времетраење на соодветниот договор за осигурување (полиса) за кој истите се однесуваат. За да се поврзат овие трошоци за стекнување со поврзаниот приход од премија, трошоците се распределуваат по договори за осигурување, односно по класи на осигурување, кои се конзистентни со начинот на кој друштвото за осигурување ги признава приходите од поли-

сираната премија, односно се конзистентни со начинот на мерење на профитабилноста по класи на осигурување.

На контото 438 се искажува промената (зголемување или намалување) во одложените трошоци за стекнување. Со одобрување на ова конто (секоја промена на страната побарува на контото 438) се врши задолжување на конто 1920 Одложени трошоци за стекнување кога се врши зголемување на одложените трошоци за стекнување. Со задолжување на ова конто (секоја промена на страната должи на контото 438) се врши одобрување на конто 1920 Одложени трошоци за стекнување кога се врши намалување (ослободување) на одложените трошоци за стекнување."

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето со „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2022 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-728/9 | Совет на експерти |
| 29 декември 2021 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски,** с.р. |

---

Në bazë të nenit 158-x, pika 1) dhe në lidhje me nenin 122, paragrafi (1), pika 1) të Ligjit të Mbikëqyrjes së Sigurimeve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" Nr. 27/2002, 79/2007, 88/ 2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe 198/2018 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" Nr. 101/2019 dhe 31/2020), Këshilli i Ekspertëve të Agjencisë së Mbikëqyrjes së Sigurimeve në seancën e mbajtur më 29.12.2021, miratoi

**RR E G U LL O R E**
**PËR NDRYSHIMIN E RREGULLORES PËR PLANIN KONTABËL TË SHOQËRIVE TË SIGURIMEVE DHE RISIGURIMEVE**

Neni 1

Në Rregulloren e Planit Kontabël të Shoqërive të Sigurimeve dhe Risigurimeve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 148/2010, 41/2011 dhe 170/2019), në Aneksin 1 Plani Kontabël i Shoqërive të sigurimeve dhe risigurimeve, në klasën 1. – Mjetet monetare, mjetet monetare ekuivalente, të arkëtueshmet dhe kufizimet, në grupin e llogarive kontabël 19 Shpenzimet paradhënie për periudhën e ardhshme dhe të ardhurat e përllogaritura – Kufizimet kohore aktive, në llogarinë 192 - Kostot e shtyra të përfitimit, brenda llogarisë katërshifrore 1920 - Kostot e shtyra të përfitimit, shtohen edhe dy llogari të reja pesëshifrore 19200 dhe 19201, secila me pesë llogari të reja gjashtëshifrore si më poshtë vijon:

"19200 - Kostot e shtyra të komsioneve

192000 - Kostot e shtyra për provizionin e shoqërive të përfaqësimit të sigurimeve

192001 - Kostot e shtyra për provizionin e përfaqësuesve (agjentëve) në sigurime

192002 - Kostot e shtyra për provizionin e shoqërive të brokerimit në sigurime

192003 - Kostot e shtyra për provizion për persona të tjerë.

19201 – Kosto të tjera të shtyra apo të anuluara të përfitimeve."

Në klasën 2 Detyrime afatshkurtra dhe afatgjata, rezervimet për shpenzimet dhe rrezikun dhe pagesat e shtyra dhe të ardhurat për periudhën e ardhshme, në grupin 29 Pagesa e shtyrë e shpenzimeve dhe të ardhurave në lidhje me periudhat e ardhshme – Kufizime kohore pasive, shtohet një llogari e re 297 si vijon:

"297 - Detyrime për kostot e provizoneve të përllogaritura dhe të shtyra."

Neni 2

Në Aneksin 2 - Udhëzime për zbatimin e Planit Kontabël të Shoqërive të Sigurimeve dhe Risigurimeve, në tekstin që i referohet Klasës 1 – Mjete monetare, mjete monetare ekuivalente, të arkëtueshmet dhe kufizimet, teksti në paragrafin (13) zëvendësohet me tre paragrafët e mëposhtëm:

"Në kuadër të llogarisë 1920, shprehen apo pasqyrohen kostot e shtyra të përfitimit, si pjesë e kostove totale të përfitimit të regjistruara në llogarinë 420, 430, 4700 dhe 453d, të cilat i referohen periudhës së ardhshme kontabël. Kostot e përfitimit shtyhen për periudhën e ardhshme kontabël në përpjesëtim me provigjonin (rezervën) e primit të transmetueshëm.

Kështu, në llogarinë 19200 - Shpenzimet e shtyra për provizon, tregohen kostot e shtyra të provizionit të shoqërive të përfaqësimit në sigurime, shoqërive të brokerimit në sigurime, përfaqësuesve në sigurime dhe personave të tjerë ndërsa në llogarinë 19201 - Shpenizmet e tjera të shtyra të përfitimeve, tregohen shpenzimet e shtyra të përfitimit.

Kostot e shtyra të përfitimit të shprehura në llogarinë 1920 tregohen në pozicion/zë përkatës në aktivet e bilancit. Në Bilancin e suksesit pasqyrohet ndryshimi në kostot/shpenzimet e shtyra të përfitimit në periudhën kontabël".

Neni 3

Në shtojcën 2 - Udhëzime për zbatimin e Planit Kontabël për Shoqëritë e Sigurimeve dhe Sisigurimeve, në tekstin që i referohet klasës 4 - Kosto dhe shpenzime, teksti në paragrafët (13) deri në (17) zëvendësohet me tekstin e mëposhtëm:

"Në kuadër të llogarisë 430 - Provizioni, tregohen shpenzimet për provizionin në lidhje me kontratat e lidhura të sigurimeve (policat) e shoqërive të përfaqësimit në sigurime, shoqërive të brokerimit në sigurime, bankave, përfaqësuesve të sigurimeve dhe personave të tjerë.

Shpenzimet e provizionit të regjistruara apo evidentuara në llogarinë 430 përfshijnë të gjitha shumat e provizionit që lidhen me kontratat (policat) e sigurimit të lidhura në periudhën aktuale kontabël, pavarësisht nëse ato lidhen plotësisht ose pjesërisht me periudhën kontabël në vijim. Regjistrimi i mjeteve në interes të kësaj llogarie për vlerën e provizionit të rënë dakord me agjentin/përfaqësuesin ose ndërmjetësin bëhet në momentin e regjistrimit kontabël (njohjes) të të ardhurave mbi bazën e premisë së shkruar bruto të sigurimeve në lidhje me një kontratë konkrete sigurimi (policë) për të cilën zbatohet provizion (pavarësisht nga mënyra dhe koha e pagesës së provizionit të rënë dakord me përfaqësuesin respektivisht ndërmjetësuesin).

Shpenzimet e provizioneve të evidentuara në llogarinë 430, bëjnë pjesë në kategorinë e shpenzimeve për përfitime.

Përveç provizionit të regjistruar në llogarinë 430, kostot e tjera të përfitimit janë:

1. shpenzime në bazë të bonuseve dhe zbritjeve të miratuara në lidhje me kontratat (policat) specifike të sigurimit, të regjistruara në llogarinë 420 - Shpenzime për bonuse dhe zbritje të miratuara;

2. shpenzimet në bazë të kompensimeve që u paguhen punonjësve në rrjetin e brendshëm të shitjes, pra punonjësve që punojnë drejtpërdrejt dhe ekskluzivisht për lidhjet e reja të kontratave apo rinovimin e kontratave (policave) ekzistuese të sigurimit, të regjistruara në

llogarinë 4700 – Paga- bruto për punonjësit në rrjetin e brendshëm të shitjeve. Në rast se punonjësi kryen disa detyra - një pjesë proporcionale e kostove për atë punonjës për pjesën e kohës së punës që ai shpenzon mesatarisht në vit për lidhjen direkte dhe ekskluzive të kontratave (policave) të reja ose të rinovimit ekzistues;

3. një pjesë e kostove për shtypjen e formularëve që i referohen drejtpërdrejt kontratave (policave) specifike të sigurimit, të regjistruara në llogarinë 453.

Të gjitha shpenzimet e tjera nuk konsiderohen si kosto apo shpenzime përfitimi dhe ato nuk shtyhen ose njihen si shpenzim në tërësi në momentin e shfaqjes së tyre.

Kostot e përfitimit të regjistruara në llogaritë 420, 430, 4700 dhe 453d njihen si shpenzim gjatë kohës së vlefshmërisë së marrëveshjes përkatëse të sigurimit (policës së sigurimit) me të cilën ato lidhen. Për të lidhur këto kosto të përfitimit me të ardhurat e lidhura me primet, shpenzimet shpërndahen në kontratat e sigurimit, respektivisht klasat e sigurimit, të cilat janë në pajtim me mënyrën se si shoqëria e sigurimit njeh të ardhurat nga premia e policës, respektivisht janë në pajtueshmëri me mënyrën e matjes së rentabilitetit nga klasat e sigurimeve.

Llogaria 438 tregon ndryshimin (rritjen apo uljen) në shpenzimet e shtyra të përfitimit. Me miratimin e kësaj llogarie (çdo ndryshim i këtij pozicioni arkëtohet në llogarinë 438) debitohet llogaria 1920.

Shpenzimet e shtyra të përfitimit, kur rriten kostot e shtyra të përfitimit. Duke debituar këtë llogari (çdo ndryshim i këtij pozicioni debiton në llogarinë 438) bëhet miratimi i llogarisë 1920. Shpenzimet e shtyra të përfitimit kur kostot e shtyra të përfitimit reduktohen apo zvogëlohen.

Neni 4

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën vijuese nga dita e shpalljes në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", ndërsa do të zbatohet nga 1 janari i vitit 2022.

Nr.02-728/9 Kryetari
29.12.2021 i Këshillit të Ekspertëve,
Shkup **Kërste Shajnoski,** d.v.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4813.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) и членовите 17 став (1) и 19 став (5) од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 95/19, 103/19, 161/20 и 143/21), а во согласност со Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем во сопственост на АД ЕЛЕМ - Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр.27/12 и 113/14), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 31 декември 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД, РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА И ТАРИФИ ЗА ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА 2021 ГОДИНА, КАКО И ОСНОВЕН ПРИХОД ЗА 2021, 2022 И 2023 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА АД ЕСМ СКОПЈЕ, ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА**

1. Во Одлуката за одобрување на регуларен максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2021 година, како и основен приход за 2021, 2022 и 2023 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на АД ЕСМ Скопје, подружница Енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 172/21 и 213/21), во точката 3 Табелата за тарифи за пресметковни елементи (со вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) се менува и гласи:

| Пресметковен елемент | Единица | Тарифи за пресметковни елементи (со вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|---|
| | | категорија на потрошувачи | | |
| | | висок напон (HV) | среден напон (MV) | низок напон (HV) |
| Врвна активна моќност | ден/kW | 34,1304 | 86,1496 | * |
| активна електрична енергија | ден/kWh | 0,3251 | 0,3958 | 1,2510 |
| Прекумерно превземена реактивна електрична енергија | ден/kvarh | 0,1300 | 0,1583 | 0,5004 |

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија"

УП1 бр. 08-73/21 Претседател
31 декември 2021 година на Регулаторна комисија за
Скопје енергетика и водни услуги на
Република Северна Македонија,
**Марко Бислимоски,** с.р.

___

Në pajtim me nenin 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 16 të Ligjit të Energjetikës (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 96/18 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 96/19) dhe nenet 17, paragrafi (1) dhe 19, nëparagrafi (5) të Rregullores së Mënyrës dhe të Kushteve për Përcaktimin e të Ardhurave të Rregulluara Maksimale dhe të Tarifave Mesatare të Rregulluara për Transmetimin e Energjisë Elektrike, Organizimin dhe Menaxhimin e Tregut e Energjisë Elektrike dhe Shpërndarjen e Energjisë Elektrike (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 95/19, 103/19, 161/20 dhe 143/21), ndërsa në përputhje me Sistemin tarifor të shpërndarjes së energjisë elektrike për konsumatorët e përfshirë në sistemin e shpërndarjes në pronësi të SHA ELEM - Shkup (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr.27/12 dhe 113/14), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 31 dhjetor 2021, miratoi